Министерство за финансии

**Неделен економски преглед**
17 септември – 21 септември 2018 година

- Просечната нето - плата во јули 2018 година изнесува 24.072 денари и во однос на јули 2017 година е повисока за 6,2%. Реалната нето – плата во истиот период се зголеми за 4,5%.
- Според оценката на раководителите на деловните субјекти, индикаторот на доверба во преработувачката индустрија во август 2018 година е зголемен за 0,4 п.п. во однос на јули 2018 година и изнесува 20,3, а во однос на август 2017 година е зголемен за 2,1 п.п.
- Вкупните депозити во август 2018 година забележаа раст од 11,4% на годишна основа, при што растот кај корпоративниот сектор изнесува 13,7%, а кај домаќинствата 8,8%.
- Вкупните кредити во август 2018 година забележаа раст од 6,2% на годишна основа, што во најголем дел се должи на зголеменото кредитирање на домаќинствата за 9,9%, додека кредитирањето на корпоративниот сектор е зголемено за 2,7%.
- На 20.09.2018 година ЕБОР и Република Македонија потпишаа договор за реконструкција и проширување на патот од Крива Паланка до граничниот премин Деве Баир. Со склучувањето на договорите за заем и гаранција се обезбедуваат 10 милиони евра за изградба на делницата во должина од 13 километри.
- Годишната стапка на инфлација во август 2018 година во ЕУ и еврозоната изнесуваше 2,1% и 2,0% соодветно.